РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-2321/12
21.12.2018 год

Друштво за градежништво, производство трговија и усл... КАЛИНА ДООЕЛ
Бр. 10/2018
20.12.2018 год.
Оризари

# Договор

**Склучен помеѓу:**

1. ***Општина Кочани***, со седиште на ул. „Раде Кратовче“ бр.1 Кочани, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани - Г-дин Николчо Илијев, во својство на одговорно лице на Договорниот орган, (во натамошниот текст: **Корисник на услугата ) и**

2. ***„Калина“ ДООЕЛ Оризари - Кочани***, со седиште на ул.Царка Ѓеоргиева бр.6 во с.Оризари, Кочани, ЕДБ: 4013000111340 и ЕМБС: 5387981, жиро сметка: 240130000092997, депонент на Уни Банка АД Скопје, застапувано од Управителот Димитрија Јорданов (во натамошниот текст: **Вршител на услугата)**

***Предмет на договорот***

**Член 1**

Предмет на Договорот за јавна набавка на услуга е:

***Зимско одржување на локални патишта и улици***

Предметот на набавката од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација бр.05-2321/3 од 07.11.2018 год., изработена од Корисникот на услугата, за спроведување на Отворена постапка со објавување на оглас бр.05-2321/4/2018, објавен на ЕСЈН и во „Службен весник на РМ “ бр.204/18, а врз основа на Одлука за јавна набавка бр.05-2321/2 од 07.11.2018 год.

***Вредност на договорот***

**Член 2**

Согласно Одлуката за јавна набавка бр.05-2321/2 од 07.11.2018 год. вкупната договорена вредност што може да се плати за извршувањето на услугите опишани во техничката спецификација, односно обезбедените средства за реализација на овој договор за конкретниот предмет на набавка се во **висина од 1.355.933,00 ден. без ДДВ, односно 1.600.000,00 ден. со вклучен ДДВ 18 %.**

Единечните цени за услугите – по опис на услуга и мерна единица, без вклучен ДДВ и со вклучен ДДВ се преземени и утврдени од првичната/конечна понуда поднесена преку ЕСЈН, избрана за најповолна, како единствена, а прифатлива и соодветна понуда, по завршувањето на поднесување на конечна цена на ЕСЈН.

Корекција на цените на услугите за предметот на договорот за јавна набавка не се дозволени и истите ќе останат фиксни за цело времетраење на реализација на договорот, освен ако корекцијата оди во надолна линија.

Првичната/конечна понуда (листа на цени) е составен дел на овој Договор.

***Начин и рок на плаќање***

**Член 3**

Плаќањето на услугите кои се предмет на овој договор, ќе се врши во рок од 60 (шеесет) дена сметано од денот на приемот на фактурата во архивата на Корисникот на услугата, со прилог – записник/извештај со дефинирани и изведени позиции и количини или време, потпишан и заверен од страна на претставникот од Општината за следење на реализација на договорот.
Средствата за реализација на договорот за јавната набавка се обезбедени во Буџетот на Општина Кочани за 2018 и 2019 год., Програма Ј6, Потпрограма Ј60, ставка 424.

*Права и обврски на договорните страни*

**Член 4**

Корисникот на услугата е должен, по склучувањето на Договорот, да ги отстрани сите постоечки проблеми со што би се овозможило несметано вршење на услугите од страна на Вршителот на услугата, за кое нешто се составува посебен Записник.

**Член 5**

Зимското одржување на локални патишта и улици - чистењето на снегот ќе се врши со специјализирано возило - камион двоосовински со нож за чистење на снег кое поседува ланци за ридско-планинските локални патишта, соларка за распрскување на сол и песок, утоварувач за расчистување на големи наноси на снег и грејдер, по редослед според Оперативниот план за одржување и чистење на локалните патишта и улици во зимскиот период 2018/2019, а согласно Програмата за изградба и одржување на општински патишта и улици во општина Кочани, донесена од Советот на Општина Кочани.

Вршителот на услугата е должен при падавини на снег, повеќе од 3 /три/ сантиметри, на самоповик веднаш да излезе на чистење на снежните наноси на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кочани, по редослед на приоритет на истите и тоа:

- А3 - Горни Подлог-Долни Подлог-Мојанци-Грдовци-Прибачево- Оризари
- А3 – Тркање
- Кочани-с.Бели-с.Нивичани-с.Пантелеј-с.Рајчани
- Кочани-Полаки (м.в.Крушка)
- Делница од мост на река Масалница до базата на ГД „Гранит“
- Влез од кај базата на Гранит по ул.„1-ви Мај“ – ул.„Ангел Донев“ до амбуланта во с.Оризари и ул.“Гоце Делчев“ од православен храм “св.Атанасиј“ до спој со ул.“Тодосија Паунов“.

Носителот на набавката исто така е должен да се јави по телефонски повик од страна на овластено лице од Општината и со потребната механизација на бараната локација да отпочне со работа согласно барањата во техничките спецификации.

Чистењето на снежните наноси како и посипување со сол и песок ќе оди по редослед како што е наведено погоре, а поради малата ширина на коловозот,неизградените заштитни браници и големите успони на патните правци Кочани-Бели-Нивичани-Пантелеј и Кочани-Полаки истите ќе бидат чистени само во текот на денот.

**Член 6**

Корисникот на услугата има обврска да определи лице – претставник од Општината за следење на извршување на услугите –предмет на овој договор. Лицето определено од Корисникот на услугата за вршење на редовни и вонредни контроли може да даде забелешки, насоки и упатства до Вршителот на услугата, во случај на неквалитетно и нестручно вршење на услугите.

Доколку потребата за чистење не биде одобрена од страна на договорниот орган, евентуалните настанати штети поради неисчистен коловоз нема да се на товар на Вршителот на услугата.

Сите забелешки, насоки и упатства од лицето определено од Корисникот на услугата се соопштуваат во писмена форма или се запишуваат во градежниот дневник и по истите Вршителот на услугата е должен да постапи.

**Член 7**

Корисникот на услугата се обврзува да постапува согласно начинот и рокот за плаќање, утврдени во чл.3 на овој Договор.

*Договорна казна*

**Член 8**

Во случај на доцнење на вршење на услугите од страна на Вршителот на услугата, Корисникот на услугата има право на надомест на штета и договорна казна – пенали.

Договорната казна се определува во висина од 1 % од вредноста на неизвршената услуга за секој започнат ден, за првите два дена, односно 5 % за секој нареден ден задоцнување, но не повеќе од 20 % од вредноста на неизвршената услуга.

Во случај на 2/две/ последователни неизвршени услуги, Корисникот на услугата има право по претходно доставено писмено известување до Вршителот на услугата, да го раскине договорот со проста изјава.

Во случај на ст.3 од овој член, Вршителот на услугата е должен да му ја надомести штетата на Корисникот на услугата.

*Времетраење на важност на договорот*

**Член 9**

Времетраење на важноста на овој Договор претставува времето кога ќе бидат исполнети обврските кои со овој Договор ги имаат превземено договорните страни, но не повеќе од 8 /осум/ месеци, сметано од денот на склучувањето на истиот.
(вообичаено времетраење на договорот е времетраењето до конечно завршување на договорените услуги или исцрпување на средствата утврдени за реализација на конкретниот договор).

*Гаранција за квалитетно извршување на Договорот*

**Член 10**

Согласно Известување од Корисникот на услугата бр.05-2321/11 од 14.12.2018 год., Вршителот на услугата во благовремен рок достави банкарска гаранција за квалитетно извршување на Договорот бр.LG8312 во еден оригинален примерок издадена од Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, со важност од 20.12.2018 год. до 18.09.2019 год. на износ од 80.000.00 ден., односно 5 % (проценти) од вкупната вредност од чл.2 на овој Договор, со која се обврзува дека навремено, квалитетно и според условите од договорот ќе ги извршува услугите кои се предмет на овој договор.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката. Доколку дојде до наплата на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, договорниот орган ќе објави до ЕСЈН негативна референца. За наплатата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот и за објавувањето на негативна референца на ЕСЈН, Носителот на набавката може да покрене спор пред надлежниот суд.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на Носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на Носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на Договорниот орган.

*Заврши одредби*

**Член 11**

Договорните страни се обврзани, за реализација на овој Договор, да соработуваат меѓу себе, да се грижат за унапредување на односите и за таа цел редовно и благовремено да се информираат за се што е потребно за квалитетна реализација на Договорот.

**Член 12**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма, ако се потпишани од двете договорни страни и ако се во согласност со Законот за јавните набавки и другите важечки прописи во РМ.

**Член 13**

Договорните страни се согласни за сè што не е предвидено со овој договор да се применуваат одредбите од позитивните законски прописи и стандарди во Република Македонија, за вршење на ваков вид на услуги.

**Член 14**

Договорните страни се должни да ги применуваат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за времетраењето на важноста овој Договор.

**Член 15**

Во случај на спор по овој Договор, ќе решава стварно и месно надлежен суд.

**Член 16**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои 2 (два) еднакви примерока за Вршителот на услугата, а 4 /четири/ еднакви примерока за Корисникот на услугата и стапува на сила со денот на неговото склучување.

| | |
|---|---|
| **за Вршителот на услугата,** | **за Корисникот на услугата,** |
| **Управител,** | **Градоначалник,** |
| **( Димитрија Јорданов )** | **( Николчо Илијев )** |

Составен дел на овој Договор е :
- Понуда поднесена преку ЕСЈН

***Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова***
***Контролирал: Помошник Раководител на Сектор за располагање и уредување на градежно земјиште-Влатко Димитров***

*Листа на цени за Зимско одржување на локални патишта и улици*

| Ред.бр. | Опис на услуга | Мерна единица | единечна цена без ддв | единечна цена со ддв |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Набавка на ладна асфалтна маса Велбит ( во вреќи) | тон | 21.000,00 | 24.780,00 |
| 2 | Набавка и транспорт на сепариран песок со фракција „2“ на растојание до 10 км | м³ | 1.700,00 | 2.006,00 |
| 3 | Работна рака за крпење на ударни дупки со ладна асфалтна маса | тон | 4.000,00 | 4.720,00 |
| 4 | Чистење на снег со специјализирано возило со вграден нож за снег и расфрлување на сол и песок | км | 3.000,00 | 3.540,00 |
| 5 | Рачно посипување на локалните патишта со сол и песок | час | 2.000,00 | 2.360,00 |
| 6 | Посипување на локалните патишта со специјализирано возило соларка со сол и песок | час | 3.000,00 | 3.540,00 |
| 7 | Рачно расчистување на одрони од земја и камен на локалните патишта во општината | час | 1.000,00 | 1.180,00 |
| 8 | Чистење на риголи | км | 1.500,00 | 1.770,00 |
| 9 | Дополна на банкини со дробеник | м³ | 2.000,00 | 2.360,00 |
| 10 | Чистење на наноси од снег со утоварувач | час | 5.000,00 | 5.900,00 |
| 11 | Чистење на наноси од снег со грејдер | час | 6.000,00 | 7.080,00 |
| 12 | Машинско расчистување на одрони | час | 6.000,00 | 7.080,00 |

*за Вршителот на услугата,*
*Управител,*

*( Димитрија Јорданов )*

КАЛИНА ДООЕЛ Оризари
Друштво за градежништво, производство трговија и услуги

*за Корисникот на услугата,*
*Градоначалник,*

*( Николчо Илијев )*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КОЧАНИ

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова*
*Контролирал: Помошник Раководител на Сектор за располагање и уредување на градежно земјиште-Влатко Димитров*